ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за објавување на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година

1. Се објавува Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година, донесен на 7. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 јануари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-729/6**
**Датум:29.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), член 101 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 150/22, 224/24 и 160/25), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2025), Советот на Општина Карпош на 7. седница, одржана на 28 јануари 2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, преку Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2026 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош

**Член 2**

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување и сопственици на индивидуални станбени објекти (куќи) (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација  на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални објекти (куќи) во Општина Карпош, преку:
- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

**НАПОМЕНА:** ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА, ДЕФИНИРАНИ ВО ЧЛЕН 1 ОД ОВАА ОДЛУКА.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

**Општи услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- **За станбени згради за колективно домување:**

1. Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.

- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице

засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

2. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите.Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.

- Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на секој стан засебно.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци). Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија.

**Член 5**

**Посебните услови** кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

- **За колективни станбени објекти:**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Станбените згради за колективно домување да се постари од 20 години
3. Доказ за старост на колективниот станбен објект се потрврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците).
4. Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон

одлуката да достават список со потписи од 50% плус еден сопственик), да е архивски заверена.
4.1.Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

5. Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.
6. Договор со надзор

Одлуката се доставува во оригинален примерок и истата е потребно да бидат заверени со архивски број и потпишани од страна на овластено лице и печат.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

1. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена
2. Носителот на Апликацијата да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира
3. Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач
4. Изјава од сопственикот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)
5. Сопственикот на индивидуалниот станбен објект да достави Договор со Изведувачот за замената на азбестниот кровен покривач.

✓ **Забелешка 1:** Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни, Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач доставува Изјава заверена на нотар дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа

✓ **Забелешка 2:** Доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни, сопственикот на индивидуалниот станбен објект

има обврска да достави до Комисијата Договор за изведен надзор над изведбата за замена на азбесетен кровен покривач. Договорот се доставува во оригинал или нотарски заверена копија.

✓ **Забелешка 3:** Документите се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

НАПОМЕНА: **Апликантите мора прво да добијат писмено известување дека се потенцијални корисници, потоа да почнат со промена на кровниот покривач.**

**Висина на субвенционирање**
**Член 6**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош за 2026 година, Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2026 година, Програма ГДО-Проекти за енергетска ефикасност за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош,по принципот прв дојден-прв услужен до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, за таа намена, со тоа што финансирањето во однос на замената на кровните покривачи ќе биде извршена во целост од сопственикот на објектот, а субвенционирано од страна на Општина Карпош, во висина од:

- **За колективни станбени објекти:**

- <u>најмногу до 50%, но не повеќе од 300.000,00</u> денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

- најмногу до 50%, но не повеќе од 100.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на замената на азбестниот кровен покривач за секоја одобрена апликација.

Сопствениците на индивидуалните станбени објекти (куќи) ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од најмалку 50% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Изјави заверени на нотар, дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**

**Член 7**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите во овој Правилник, општината објавува Јавен повик во дневен весник, во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае до исцрпување на предвидените средства.

**Член 8**

Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази.

- **За колективни станбени објекти:**

**Првата фаза** се состои од достава на следните документи:

- Пополнета Апликација – образец, потпишан од станбен управител
- Решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.
- Имотен лист оригинал или нотарски заверена копија, не постар 6 месеци за секој стан засебно.
- Доказ за старост на колективниот станбен објект
- Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач и дека се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач
- Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач.
- Договор со надзор.

- Фотографии од постоечката состојба

**НАПОМЕНА:** ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

**Втората фаза** се состои од достава на следните документи:

- Завршна ситуација со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот)
- Извештај од надзор
- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

- **За индивидуални станбени објекти (куќи):**

**Првата фаза** се состои од достава на следните документи:

- Пополнета Апликација – образец, потпишан од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа)
- Изјава од сопствникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена)
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци), во оригинал или нотарски заверена копија.
- Договор со Изведувачот
- Фотографии од постоечката состојба

**НАПОМЕНА:** ПО КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД ПРВАТА ФАЗА, АПЛИКАНТОТ ЌЕ ДОБИЕ ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОРИСНИК, СО ШТО ЌЕ ПРЕМИНЕ КОН ВТОРА ФАЗА И АПЛИКАНТОТ МОЖЕ ДА ОТПОЧНЕ СО ЗАМЕНА НА КРОВНИОТ ПОКРИВАЧ.

**Втората фаза** се состои од достава на следните документи:

- Изјава од изведувач за завршена работа заверена од нивна страна
- Фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот

- Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

**Член 9**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровен покривач на станбени згради за колективно домување и замена на азбестен кровен покривач на индивидуални станбени објекти (куќи) ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување/индивидуален станбен објект за кои што сопствениците можат да аплицираат,
- висина на процентот на субвенционирање,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2 од овој Правилник.
Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, за предметната намена.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**

**Член 10**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија од 10 члена од кои еден е претседател, еден потпретседател, а останатите се членови и заменици членови на комисијата. Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува Записник. Во Записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), базиран на условите и

критериумите кои се дефинирани во овој Правилник. Првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**НАПОМЕНА:** Апликантите се должни во прилог на Апликацијата да ги доставaт сите документи наведени во Јавниот повик. Доколку Апликацијата не е комплетна ќе бидат писмено известени за дополнување на истата во рок не подолго од 10 (десет) дена за индивидуални станбени објекти (куќи) и не подолго од 20 (дваесет) дена за станбени објекти, во спротивно Апликацијата ќе биде одбиена.

**Потпишување на договор за субвенционирање**

**Член 11**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и за замена на азбестни кровни покривачи во индивидуални станбени објекти (куќи), а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик, Јавниот повик и Извештајот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Карпош или овластен раководен службеник потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се врши:

- За колективни станбени згради:

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган.

Општина Карпош ќе ги префрли одобрените средства на жиро сметка за резервен фонд на колективниот станбен објект

- За индивидуален станбен објект (куќа):

- по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на Надзорен орган, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е поголема од 300 метри квадратни и/или

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

- по достава на Изјава од Изведувачот на замената на азбестниот кровен покривач дека работите се изведени согласно позитивните законски прописи и нормативи за тој вид работа, доколку површината на индивидуалниот станбен објект е помала од 300 метри квадратни.

Во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управител на зградата или сопственикот на индивидуалниот станбен објект (куќа), ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува:

- 50%, но не повеќе од 300.000,00 денари за поправка и санација на кровни покривачи во колективни станбени објекти, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник и
- најмногу до 50%, но не повеќе од 100.000,00 денари за замена на азбестен кровен покривач, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2 од овој Правилник.

**Напомена:** Ви напоменуваме дека отстранувањето и одложувањето на азбест-цементните плочи и останатиот градежен шут да биде согласно постоечките законски прописи.

**Завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-392/8**
**Датум: 28.01.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НАОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов**